**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД**
**Су.бр. 01-7/13**
**14.02.2013 год.**
**К Р У Ш Е В О**

***ДО***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***КОПИЕ ДО:***
***- РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- ВРХОВЕН СУД НА***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***С К О П Ј Е***

***- АПЕЛАЦИОНЕН СУД***
***Б И Т О Л А***

*ПРЕДМЕТ: Достава на Годишен извештај за работа на Основен суд Крушево за 2012 година*

*Во прилог на овој допис Ви го доставувам Годишниот извештај за работа на Основен суд Крушево во 2012 година*

**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Благоја Бошкоски**

**О С Н О В Е Н  С У Д  К Р У Ш Е В О**



# Г О Д И Ш Е Н
# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**
**ВО 2012 ГОДИНА**

*Крушево, февруари 2013 година*

## В О В Е Д

Основниот суд во Крушево претставува суд со основна надлежност, кој својата функција ја извршува согласно чл.30 и 31 од Законот за судовите објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 58/06 и постапува по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на општината Крушево и при тоа настојува да им обезбеди заштита и еднаквост пред законот на сите граѓани - странки во овој суд во остварувањето на нивните права.

Во 2012 година Основниот суд во Крушево работеше на решавање на предметите кои останале нерешени од минатата година по сите видови и ново примени предмети во тековната година.

Во овој извештај ќе биде прикажана целокупната работа на овој суд во 2012 година по оддели и поединечно по судии што ќе даде сеопфатна слика за севкупната ангажираност за секој судија поединечно.

Во извештајниот период судот настојуваше судската власт да ја остварува законито, професионално, чесно и објективно, настојуваше да се подобри квалитетот и квантитетот на работењето, настојуваше да ја зголеми експедитивноста воопшто, а со тоа да ја зголеми вербата на граѓаните во судот и да го зголеми својот афторитет пред странките воопшто.

Судскиот колегиум одржуваше редовни состаноци на кои се разгледуваше извештајот за работата за претходниот месец, а исто така според потребите одржуваше и вонредни состаноци на кои посебно беше разгледувана состојбата со старите предмети, давајќи приоритет на истите, бројот на нерешените предмети како и итните предмети предвидени со Законот за судовите. Воопшто на сите судски состаноци се настојуваше да се обезбеди експедитивност во постапувањето, стручност, совесност и судење во разумен рок.

Во овој извештај ќе биде прикажана целокупната работа на Основниот суд Крушево за 2012 година преку прикажување на податоците за заостатокот на предметите во 2011 година, за ново примените предмети по сите основи, вкупниот обем на работа кој што се состои од решени и нерешени предмети за секој судија поединечно и на ниво на судот.

Понатаму во извештајот ќе биде прикажан остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајната година како и табеларно прикажување на работата на судот со оценка за севкупната ангажираност на судот и поединечно за секој судија. Генерално во овој

извештај ќе бидат опфатени следните аспекти: прилив, обем на работа и решени предмети, ажурност на судот, квалитет на работа, работната ангажираност на секој судија поединечно, ќе бидат прикажани просторните, кадровските и материјалните услови во судот со предлози за нивно подобрување, ќе биде прикажана соработката со другите органи и судови и слично.

## *ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ПО СИТЕ ВИДОВИ ВО 2012 ГОДИНА*

Во текот на 2012 година судот прими 1866 предмети - 400 предмети помалку од претходната година.

Со остатокот на нерешени предмети од претходната година кои вкупно изнесуваа 466 предмети, вкупно во работа беа 2332 предмети.

Во 2012 година судот реши 1958 предмети, а како нерешени предмети останаа 374 или нерешени 92 предмети помалку во однос на претходна година.

Од горните показатели следува дека судот со ново примените предмети 1866 го совладал тековниот прилив, решени 1958 предмети, нерешени 374 предмети односно го намалил заостатокот на нерешени предмети од претходната година за 92 предмети, или кога би се исклучил заостатокот на нерешени 98 оставински предмети кои како нерешени се од Нотар, остануваат како стварно нерешени предмети од судот 276.

Сметам дека со ваквото работење судот треба да се вброи во ажурните судови на Република Македонија, со остаток на предмети по сите видови спорни и неспорни, со не повеќе од еден месец за работа.



## ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ПО ОДДЕЛИ

### А) КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во текот на 2012 година, во кривичниот оддел судот прими 1091 предмет или 32 предмети помалку во споредба со 2011 година кога беа примени 1123.

Со остатокот од 352 предмети од претходната година вкупно во работа биле 1443 предмети. Судот во тековната година решил 1190 предмети,а како нерешени останале 253 предмети.

Горните показатели укажуваат дека судот го совладал тековниот прилив односно решил 1190 год. и го намалил заостатокот во однос на претходната година за 99 предмети.




Следниот преглед го дава движењето на предметите во кривичниот оддел поодделно со следната констатација:

По истрагите, истражните дејствија и замолниците работел истражниот судија Домника Зерде Курета, Кривичниот совет го води судијата Лидија Андреска, членови се на Советот за условен отпуст. По кривичните предмети за полнолетни лица работел Претседателот на судот – судијата Благоја Бошкоски, а воедно Претседателот на судот работел и по извршувањето на кривичните, прекршочните и извршување на затворските предмети, Претседател е на Совет за условен отпуст.

Во овој оддел – предметите кои се однесуваат на истрагите, истражните дејствија, разните кривични дејствија, замолниците и Кривичниот совет судот примил 430 предмети, па со остаток од 303

предмети од претходна година вкупно во работа имаше 773 предмети, решени се 513, нерешени 220 што значи совладан е приливот и е намален заостатокот во однос на претходната година за 83 предмети.

Вкупно кривични предмети за полнолетни лица во работа судот примил 53 предмети, па со заостатокот од 6 нерешени предмети од претходна година вкупно во работа биле 59, решени се 48, а како нерешени 11, по кои предмети работел Претседателот на судот.

Кај кривичните предмети за полнолетни лица од нерешените 11 кривични предмети 10 се од тековната година, а само 1 предмет е од претходна година.

Кај кривичните предмети за полнолетни сторители во 13 предмети поднесена е жалба при што во 8 предмети одлуката е потврдена или 61%, во 3 предмети е укината или 23%, 1 предмет е преправен или 8% и 1 е делумно укинат или 8%.

Овде може да се спомне дека квалитетот во решавање на овој вид на предмети во споредба со претходната година е многу подобар или споредбено во претходната година укинати беа 50% од одлуките, а во извештајната година - 23%.

**Кај прекршочните предмети** видно од сумарниот преглед примени биле 300, па со остатокот од 37 предмети од претходната година, вкупно во работа биле 337 предмети.

Решени се 322, нерешени 15 предмети. По овој вид предмети работеле Претседателот на судот Благоја Бошкоски и судиите Сика Меле и Доминика Зерде Курета и Лидија Андрерска.

Во однос на прекршочните предмети стои констатацијата дека совладан е тековниот прелив на предмети, или како што е наведено остаток на нерешени прекршочни предмети е само 15, или за 22 предмети е намален заостатокот во однос на претходната година.

Застарени предмети од овој вид нема.

Кај прекршочните предмети треба посебно да се нагласи дека 90% се предмети каде како подносител се појавува Министерството за земјоделие и шумарство, таканаречени шумски прекршоци и по кои предмети се води едноставно редовна кривична постапка.

Во прекршочниот оддел од вкупно решените 322 предмети во 53 предмети била поднесена жалба, одлука по жалба има во 51 предмет од кои потврдени биле 40 предмети или 78%, укинати 8 или 16% и преправени 3 или 6%.

Во споредба со претходната година по однос на квалитетот во работењето на прекршочните предмети имаме зголемување на квалитетот и тоа кај потврдените за повеќе од 20% и намалување кај укинатите предмети за 18%, видно зголемен квалитет во нивното решавање.

Овде посебно треба да се нагласи дека кај овој вид на предмети, (кај преправените предмети) истите се преправени само по однос на

одлуката на казната, така да кога би се сублимирале потврдените и преправените предмети тоа би бил процент од 84% со укинати 8 предмети или 16% па судот смета дека квалитетот во решавањето на овој вид на предмети е задоволителен и се движел по нагорна линија од предходната извештајна година.

Кај овие предмети решавањето на истите по судии е како што следува:

- Претседател на суд Благоја Бошкоски:

- Вкупно во работа имал 66 предмети, решени 64, нерешени 2 предмети;
- по жалба биле 12 предмети, а одлуки од второстепен суд биле примени по 13 предмети и тоа:
  - потврдени 8 или 61%,
  - преправени 1 или 8%,
  - укинати 4 или 31%.

- Судија Домника Зерде Курета

- Вкупно во работа 129 предмети, решени 120, нерешени 9
- по жалба биле 17 предмети, а одлуки од второстепен суд биле примени по 13 предмети и тоа:
  - потврдени 12 или 92%
  - укинати 1 или 8%

- Судија Сика Меле

- Вкупно во работа 67, решени 54, нерешени 13 предмети
- по жалба биле 19 предмети, а одлуки од второстепен суд биле примени по 22 предмети и тоа:
  - потврдени 19 или 86%
  - преправени 2 или 9%
  - укинати 1 или 5%

- Судија Лидија Андреска
- Вкупно во работа 87,решени 83,нерешени 4 предмети
- по жалба биле 5 предмети, а одлуки од второстепен суд во тековната година не се примени

Кај предметите за извршување на санкции работел Претседателот на судот при што судот примил 430 предмети, па со остатокот од претходната година од 305 предмети вкупно во работа

биле 773 предмети. Решени се 513, а како нерешени 220 предмети, или совладан е приливот и намален е заостатокот за 83 предмети.

*<u>Б) ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>*

Во текот на 2012 година судот прими 504 предмети или 104 предмети помалку во споредба со претходната година.

Во тековната 2012 година, во граѓанскиот оддел судот работел и по оставински и вонпроцесни предмети. Биле примени 504 нови предмети, па со остатокот од 114 предмет од претходната година во работа биле 618 предмети. Решени се 497 предмети, а нерешени останаа 121 предмет. Кога од нерешените 121 предмет би се извлекле 98 нерешени оставински предмети фактички остаток на овој вид на предмети е 23 што значи совладан приливот и намален остатокот во споредба со претходната година за 99 предмети.




Во граѓанскиот оддел по предметите постапувале судиите Домника Зерде Курета, Сика Меле и Лидија Андреска.

Од решените 145 спорни граѓански предмети по жалба биле 35 предмети. Одлука од второстепен суд донесена во 44 предмети од кои 35 предмети се потврдени или 79%, 6 се укинати или 14%, делумно укинати 3 предмети или 7%.

Кога би се направила споредба со квалитетот на работењето на овие предмети со претходната година имаме зголемување на квалитетот по сите основи, што значи квалитетот на работењето во граѓанското одделение е многу добар.

По судии, по однос на квалитетот состојбата е следната:

Судијата Доминика Зерде Курета од граѓанските предмети вкупно во работа имала 73, решила 64 а како нерешени останале 9.

**По жалба биле 19 предмети, одлучено е во 24 предмети од кои: 19 потврдени или 79%, укинати 4 или 17%, преиначени 1 или 4%.**

Судијата Сика Меле вкупно во работа имала 60, решила 33, нерешени останале 27.

**По жалба биле 8, одлучено во 16 предмети од кои: потврдени 14 или 88%, укинати 1 или 6%, делумно укинати 1 или 6 %.**

Судијата Лидија Андреска од граѓанските предмети вкупно во работа имала 56, решила 46 а како нерешени останале 10.

**По жалба биле 7 предмети, примени одлуки од второстепен суд нема.**

Од нерешените граѓански предмети, само 2 се од претходни години, а останатите се од тековната година.

Овдека посебно сакам да нагласам дека судијата Сика Меле во Основен суд Крушево функцијата судија ја извршуваше заклучно со м.јули 2012 год. кога оствари право на старосна пензија. Од 15.08.2012 година за судија е избрана Лидија Андреска па поради тоа за овој судија не е можно да се доставaт комплетно годишни податоци и по квантитет и по квалитет. Но врз основа на горните показатели неспорно е да овој судија навремено и ажурно постапувала по предметите согласно Годишниот распоред.

РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Претседателот на судот вкупно во работа имал 1587 предмети и тоа како што следува:

- 59 кривични полнолетни предмети
- 249 разни кривични
- 60 кривични извршни – парични казни
- 655 извршно прекршочни предмети
- 18 затворски
- 11 ППНИ
- 264 разни Р
- 271 административни

Решил 1349 предмети и тоа како што следува:

- 48 кривични полнолетни предмети

- 244 разни кривични
- 3 кривични извршни – парични казни
- 507 извршно прекршочни предмети
- 3 затворски
- 11 ППНИ
- 262 разни Р
- 271 административни

Нерешени 238 предмети и тоа како што следува:

- 11 кривични полнолетни предмети
- 5 разни кривични
- 57 кривични извршни – парични казни
- 148 извршно прекршочни предмети
- 15 затворски
- 0 ППНИ
- 2 разни Р
- 0 административни

Секоја недела во месецот Претседателот на судот одржува по три стручни колегиуми.

Претседателот на судот во текот на годината присуствува на состаноците организирани од страна на Претседателот на Апелационен суд Битола, така да во тековната 2012 година такви состаноци беа одржани 8.

Воедно непосреден контакт со Претседателот на повисокиот суд 10 средби.

Присуство на Претседателот на судот на организираните едукативни средби од Академијата на судии и јавни обвинители.

Организирани 5 средби во Основен суд Крушево со Полициска станица Крушево и Јавното претпријатие за шуми – ПШС „Липа“ Крушево.

Организирани 4 работни средби со Јавното комунално претпријатие „Комуна“ Крушево.

Организирани 8 средби со Раководителот на Шумската полиција за подрачјето на Основен суд Крушево.

Работни средби во Судски совет на Република Македонија за разни тековни прашања.

Ги донесуваше Одлуките за спроведување на Законот за јавни набавки со комплетно учество за нивно законито реализирање.

Одржани средби од стручен карактер со Претседателите на Основен суд Прилеп и Основен суд Битола како поблиски судови посебно со посета на извршните одделенија и конкретната работа по предмети.

Кога би се анализирале горните показатели за работа на судот во целина и на секој од судиите сметајќи го тука и Претседателот на судот, врз основа на Одлуката за ориенатационите норми за работа по конкретни предмети од разни области, кај судиите и Претседателот просекот е до 10 месеци.

При анализирањето на горните показатели треба посебно да се нагласи дека судиите во Основен суд Крушево работат по различни материи, односно судиите Сика Меле, Домника Зерде Курета и Лидија Андреска покрај работата по граѓански предмети работат по вонпарнични предмети, работат по прекршочни предмети, истраги и истражни дејствија, предмети на кривичен совет и советот за условен отпуст.

Видно од погоре наведените показатели видливо е да од февруари месец 2012 година судот работи со тројца судии сметајќи го и Претседателот на судот, од причина што сеуште не е извршен избор на еден судија.

*РАБОТА ПО ПРЕСТАВКИ*
*И ПОПЛАКИ*

Во текот на 2012 година судот има примено една преставка, поднесена до Претседателот на судот односно за наводно негов некоректен однос при прием на странка. Претседателот на судот оваа претставка ја оцени како неоснована со поднесен посебен извештај.

*ПОПОЛНЕТОСТ НА СИСТЕМАТИЗИРАНИТЕ*
*РАБОТНИ МЕСТА*

Согласно Правилникот за систематизација на работните места донесен во 2002 година во Основен суд Крушево предвидени се 28 работни места, несметајќи ги судиите (моментално тројца заедно со Претседателот на судот), од кои предвидени работни места пополнети се 21 помошен персонал и судска полиција или вкупна пополнетост од 82%.

Не и извршено пополнување на следните работни места: 2 судски помошници, 2 технички секретари на судија – дактилографи, 1 судски полицаец, 1 одржувач на парно греење, не е пополнето испразнетото место стручен соработник кој е избран како судија.

**Не се пополнети две судиски места, односно Основниот суд Крушево во текот на 2011 и 2012 година работата ја извршуваше со тројца судии сметајќи го и Претседателот на судот.**

**Не се пополнија останатите судиски места.**

*ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА*

Анализирајќи ја севкупната работа на судот за 2012 година може да се констатира намален прилив на примени предмети во незначителен обем, посебно на спорните предмети, така да судот по однос на предметите што се во негова надлежност го совладал приливот и го намалил заостатокот.

Анализирајќи ја севкупната состојба во работата фактички и оваа година судот сметајќи го целокупното работење работел добро, стари нерешени предмети од кривичната област има само еден, од граѓанската област има само два кои се со странки надвор од територијата на Република Македонија и од објективни причини се останати како постаро нерешени, а гледајќи го и времетраењето на постапката кај сите предмети судот навремено и ажурно ја извршувал својата работа.

Кај предметите, покрај ажурното работење по истите, сметајќи го тука времетраењето на постапката одлуките се донесувани во законски предвидениот рок.

Судот дава посебна анализа и на предметите кои биле во жалбена постапка како во кривичната така и во граѓанската но и во прекршочната област при што во сите области има зголемување на квалитетот.

Нормално е како и секоја година да се скратува време траењето на постапката односно странките што е можно побрзо да ги остваруваат своите права.

Заради надминување на заклучните состојби би било потребно да се превземат следните мерки:

- Да се изврши вработување на двајца судски помошници;
- Да се изврши вработување на стручен соработник;
- Да се изврши вработување на двајца технички секретари на судија –дактилографи;
- Да продолжи започнатиот процес на едукација како на судскиот кадар така и на останатите вработени во Основниот суд Крушево.
- Да се направат напори преку повисоките правосудни органи и Министерство за правда на Република Македонија да се пополнат слободните работни места во судот предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места.
- Да се пополнат судиските места.

Составен дел на овој годишен извештај претставува сумарниот преглед за движење на предметите како и сумарниот електронски преглед по АКМИС програмата.

*Крушево, февруари 2013 година*

*ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО*
*Претседател,*
*Благоја Бошкоски*



# П Р И Л О Г
## ТАБЕЛА – ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ за 2012 година

| ОСНОВЕН СУД К Р У Ш Е В О | | | Нерешени предмети на почеток на година | Новопримени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | Истраги - основна надлежност | 1 | 3 | 4 | 2 | 2 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | Организиран криминал | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | Истражни дејствија - О.И.Д. | 2 | 31 | 33 | 33 | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | Разни О.И.Д. и К.Р.И. | | 6 | 6 | 6 | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | Разни К.Р.И. и О.К. | | 249 | 249 | 244 | 5 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Основна надлежност | 6 | 53 | 59 | 48 | 11 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни | Организиран криминал | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни – Кривични предмети | Разни кривични дејствија | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни – Кривични предмети | Замолници | | 4 | 4 | 4 | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Кривични полнолетни – Кривични предмети | Кривичен совет претседател | 3 | 15 | 18 | 18 | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | Кривични малолетни | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | ***Вкупно*** | **12** | **361** | **373** | **355** | **18** |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | **Прекршочни предмети** | **37** | **300** | **337** | **322** | **15** |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | Извршни кривични парични казни | 42 | 18 | 60 | 3 | 57 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | Извршни прекршочни парични казни | 243 | 412 | 655 | 507 | 148 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | К.У.И.К.П. Затворски предмети и УО | 18 | | 18 | 3 | 15 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Извршување на санкции | Мерки на безбедност | | | | | |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | | ***Вкупно извршни предмети*** | **303** | **430** | **733** | **513** | **220** |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | **352** | **1091** | **1443** | **1190** | **253** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Спорови од мала вредност | 7 | 33 | 40 | 34 | 6 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Имотни спорови - основна надлежност | 17 | 33 | 50 | 41 | 9 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Семејни спорови | 1 | 6 | 7 | 6 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Работни спорови | 11 | 34 | 45 | 45 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | ПТР - укинати предмети за трошоци | | 2 | 2 | 2 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Трговски спорови | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Платни налози | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Платни налози по приговор | 6 | 14 | 20 | 17 | 3 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Регистрација на политички партии, верски заедници и религиозни групи | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Стечај | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | Ликвидација | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | ***Вкупно*** | **42** | **122** | **164** | **145** | **19** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | **Извршни предмети** | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | П.П.Н.И. | | 11 | 11 | 11 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Разни граѓански предмети 'Р' | | 103 | 103 | 102 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | ЗАВ-С | | 2 | 2 | 1 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | ЗАВ-Х Апостиле | | 140 | 140 | 140 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | ЗАВ НД | | 8 | 8 | 8 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Замолници | | | | | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Мерки за обезбедување | 1 | 4 | 5 | 5 | |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Оставина | 64 | 109 | 173 | 75 | 98 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Физичка делба | 5 | 3 | 8 | 7 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Оставински и вонпроцесни предмети | Останати ВПП предмети | 2 | 2 | 4 | 3 | 1 |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | ***Вкупно*** | **72** | **382** | **454** | **352** | **102** |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | **114** | **504** | **618** | **497** | **121** |
| **Административна работа на Судот** | | | | **271** | **271** | **271** | |
| **СЕ ВКУПНО** | | | **466** | **1866** | **2332** | **1958** | **374** |